UDK 37

ISSN 2545 - 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

## Scientific Papers

Vol. 31. 5.

## SOCIAL SCIENCES



KIJ Vol. 31 No. 5 pp. 1199 - 1648 Skopje 2019

Global Impact & Quality Factor 1.822 (2107) http://globalimpactfactor.com/knowledge-international-journal/

# KNOWLEDGE

## INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 31.5

*Promoted in Budva, Montenegro*
*June, 2019*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**
**SKOPJE**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 31.5

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Cezar Birzea PhD, Ljubomir Kekenovski PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Nonka Mateva PhD, Rositsa Chobanova PhD, Predrag Trajković PhD, Dzulijana Tomovska PhD, Nedzad Korajlić PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Nikolina Ognenska PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Trajce Dojcinovski PhD, Jana Merdzanova PhD, Zoran Srzentić PhD, Nikolai Sashkov Cankov PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 31.5**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Dean, Faculty for economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University "Neofit Rilski", Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University "Goce Delcev", Shtip (Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Dean, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dimitar Radev, PhD, Rector, University of Telecommunications and Post, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Daniela Todorova PhD, Rector of "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola(Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)

- Prof. Fadil Millaku, PhD, Rector, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University “Hasan Prishtina”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Rector, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
    - Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Petkov PhD, Rector, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO , Bitola (Macedonia)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof. Jelena Stojanovic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy “Vassil Levski”, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Ljubomir Kekenovski PhD, Faculty of Economics, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)

- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University “Prof. Asen Zlatarov”, Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Dean, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Oliver Iliev PhD , Faculty of Communication and IT, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Predrag Trajkovic PhD, JMPNT, Vranje (Serbia)
- Prof. Petar Kolev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)

- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Dean, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski, Rector, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Sashko Plachkov PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad
- (Bulgaria)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
  Prof. Snezana Stoilova, PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College “Biznesi”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Trayan Popkochev PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Todor Krystevich, Vice Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Doc. Tatyana Sobolieva PhD, State Higher Education Establishment Vadiym Getman Kiyev National Economic University, Kiyev (Ukraine)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Violeta Dimova PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vasil Zecev PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Dean, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

**REVIEW PROCEDURE AND REVIEW BOARD**

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 45 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

# CONCEPT OF UNDERDEVELOPMENT

**Tatjana Dimoska**
Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid, N. Macedonia, tanjadimoska@yahoo.com
**Slavica Dimoska**
Faculty of Law – Kicevo, N. Macedonia, slavicadimoska@yahoo.com

**Abstract:** Growth and development are of central significance to all economies of the world. The economies of the world are classified as developed, underdeveloped or developing economies on the basis of different indicators of economic development. In this paper will be explained the concept of underdevelopment, differences between developed and underdeveloped economies as well as strategies for increasing economic development of the underdeveloped economies.
**Keywords:** underdevelopment, underdeveloped countries, developed countries, differences, strategies.

# КОНЦЕПТ НА НЕРАЗВИЕНОСТ

**Татјана Димоска**
Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Македонија, tanjadimoska@yahoo.com
**Славица Димоска**
Правен факултет – Кичево, slavicadimoska@yahoo.com

**Резиме:** Растот и развојот се од централно значење за сите економии во Светот. Економиите во Светот се класифицирани како развиени, неразвиени или економии во развој, врз основа на различни индикатори на економскиот развој. Во овој труд ќе се објасни концептот на нерзвиеност, разликите помеѓу развиените и неразвиените економии, како и стратегиите за зголемување на економскиот развој на неразвиените економии.
**Клучни зборови**: неразвиеност, неразвиени земји, развиени земји, разлики, стратегии.

## 1. ВОВЕД

Растот и развојот се од централно значење за сите економии во Светот. Економиите во Светот се класифицирани како развиени, неразвиени или економии во развој, врз основа на различни индикатори за економски развој. Мошне е тешко да се сугерира заеднички прифатен критериум за класифицирање на светските економии како развиени и неразвиени. Prof. Samuelson смета дека секоја земја е неразвиена бидејќи ниедна земја сѐуште не постигнала перфекција во својот развој.

## 2. ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА НЕРАЗВИЕНИТЕ ЕКОНОМИИ

Поимот неразвиеност е релативен концепт. Тој првенствено значи отсуство односно непостоење или пак недостиг на развој. Тешко е и скоро невозможно да се најдат две земји во Светот кои имаат исто ниво на економски развој. Сепак, економистите воопштено, сите земји ги класифицираат во две категории и тоа: развиени земји; и неразвиени земји односно земји во развој. Во економската литература може да се сретнат различни синоними кои се однесуваат на термините развиени и неразвиените економии. Некои од нив се следните: назадни и напредни економии; традиционални и модерни економии; сиромашни и богати економии; неразвиени земји и развиени земји; земји во развој и развиени земји; сиромашен Југ и богат Север и др. Невозможно е да се даде некоја прецизна дефиниција за неразвиените економии. Во теоријата познати се бројни дефиниции дадени од страна на различни економисти кои се обидувале да ја дефинираат и подетално да ја објаснат оваа проблематика. Некои од тие дефиниции се наведени во следните редови.
Според Todaro[18] неразвиена економија е онаа економија во која има ниско ниво на живеење, апсолутна сиромаштија, низок приход по глава на жител, ниско ниво на потрошувачка, лоши здравствени услуги, високи стапки на наталитет и морталитет и зависност од странски економии.

---

[18] Majhi, B. D., Ohri. V. K., & Jain, T. R. *Economic Devepolment and Policy in India*.VK Global Publication Ltd. (2014)

Simon Kuznets[19] ја дефинира неразвиената економија како земја која не успева да обезбеди прифатливо ниво на живеење за поголемиот дел на нејзината популација, што резултира со сиромаштија и материјално лишување.
Според Jacob Viner неразвиена земја е онаа земја која има добри потенцијални можности за користење на повеќе работна сила, капитал или расположливи природни ресурси или сî она што ја поддржува нејзината тековна популација во повисокото ниво на живеење.
Ragnar Nurkse ја дефинира неразвиената економија на следниот начин: "Неразвиени земји се оние кои споредено со напредните земји се недоволно опремени со капитал во однос на нивната популација и природни ресурси."
Според Bernstein неразвиена земја е онаа во која аутпутот per capita е релативно низок и во која продуктивната ефикасност се зголемува многу бавно.
Bayer и Sames нагласуваат дека терминот неразвиени земји обично се однесува на земји или региони со ниво на реален приход и капитал по глава на жител кои се пониски од стандардите на Северна Америка, Западна Европа и Австралија.
Врз основа на претходнонаведените дефиниции може да се заклучи дека неразвиена економија е онаа економија која има низок реален приход по глава на жител и низок стандард на живот на нејзиното население. Таа се карактеризира со истовремено постоење на помал или поголем степен на недоволна искористеност на човечките и природните ресурси што е резултат на ниската стапка на капиталната формација и технолошката неразвиеност. Всушност, основна карактеристика на неразвиената економија е постоењето на недоволно развиен потенцијал за развој или за зголемување на реалниот приход по глава на жител.
Една економија може да се нарече неразвиена, доколку економскиот развој е можен, но не е целосен.
Значи, неразвиена економија е онаа каде:

- ✓ Реалниот приход по глава на жител и стандардот на живот се ниски во споредба со оние од развиените економии;
- ✓ Економските перформанси на економијата се ниски во споредба со напредните економии;
- ✓ Човечките и природните ресурси не се целосно искористени;
- ✓ Производната техника е конвенционална, неефикасна и општоприфатена;
- ✓ Постојат добри потенцијални можности, како и ентузијазам кај населението за раст.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА НЕРАЗВИЕНИТЕ ЕКОНОМИИ

Иако сите неразвиени економии се сиромашни од финансиски аспект, сепак се разликуваат меѓу себе според културата, историската еволуција, социјалната и политичката структура, економските услови, човечките и физичките ресурси и др., така што тешко може да се најде една неразвиена економија која би ги поседувала сите репрезентативни карактеристики својствени за концептот на неразвиеност.
Сепак може да се идентификуваат некои фундаментални карактеристики кои се заеднички и својствени за сите неразвиени земји. Тоа се следните карактеристики:

- ➢ Низок приход по глава на жител

Реалниот приход по глава на жител во неразвиените земји е многу низок во споредба со развиените земји. Всушност нискиот приход по глава на жител е главна карактеристика на неразвиените земји.

- ➢ Ниска стапка на раст на приходот по глава на жител

Стапката на раст на приходот по глава на жител во неразвиените земји е многу пониска од стапката на раст на приходот по глава на жител во развиените земји.

- ➢ Економска нееднаквост

Економската нееднаквост помеѓу богатите и сиромашните луѓе е повеќе изразена во неразвиените земји отколку во развиените. Најголемиот дел од националниот приход во неразвиените земји се наоѓа во рацете на богатите кои трошат значителни средства од своето богатство за луксузна потрошувачка, при што придонесуваат сосема малку во процесот на капитална формација.

- ➢ Низок стандард на живот

Стандардот на живот во неразвиените земји е мошне низок. Најголемиот дел од населението е под стапката на исхранетост (односно е подхрането), болестите се широко распространети, стапката на писменост на населението е мошне ниска, условите за живеење се неподносливи и непристојни, стапката на морталитет на

[19] ibid

новороденчињата е огромна, калориите по глава на жител се мошне ниски и се под просекот, а исто така и Индексот на човековиот развој е мошне низок.

- Недостиг на капитал

Неразвиените земји се карактеризираат со недостиг на капитални добра (фабрики, машини, опрема и др.). Просечната стапка на формирање на домашниот капитал во овие земји е значително пониска од просечната стапка на формирање на домашниот капитал во развиените земји. Исто така, соодносот на капиталот и работната сила во неразвиените земји е мошне низок. Како резултат на тоа, работниците во овие земји се недоволно екипирани и опремени со машинерија, што ги прави релативно непродуктивни.

- Заостанати (назадни) техники на производство

Неразвиените земји се карактеризираат со назадни техники на производство. Како резултат на тоа, трошоците за производство се високи, соодносот на вложениот капитал и вложената работна сила е висок, како и соодносот на вложениот капитал и аутпутот. Заради назадните техники на производство, реалните трошоци за производство се мошне високи, па затоа неразвиените земји се нарекуваат "подрачја на високи трошоци". Наспроти нив пак, развиените земји се нарекуваат "подрачја на ниски трошоци".

- Ниска продуктивност на работната сила или уназаденост на човечките ресурси

Неразвиените земји имаат ниска продуктивност на трудот, ниска ефикасност на работната сила, мало производство по глава на жител како во земјоделскиот, така и во индустрискиот сектор. Продуктивноста на трудот зависи од повеќе фактори и тоа: располагањето со капитал, ефикасноста на менаџерите, здравјето и образованието на вработените, висината на платите на вработените, преземените стимулативни мерки за зголемување на ефикасноста на вработените. Во врска со тоа, мора да се напомене дека во неразвиените земји стапката на писменост на вработените е мала, нивното здравје е слабо, платите се мошне ниски, животниот стандард е низок, постои недостиг на капитал, а социјалната и институционалната инфраструктура е неекономска. Главната причина за уназаденоста на човечките ресурси во неразвиените земји е малото инвестирање во човечките ресурси. Како резултат на тоа, човечките ресурси во неразвиените земји се нецелосно и недоволно искористени.

- Неразвиени природни ресурси

Една од значајните карактеристики на неразвиените земји е богатството со природни ресурси: почва, вода, шуми и минерални ресурси кои воопшто не се искористени или се сосема малку искористени. Доколку овие земји целосно и правилно ги искористат своите природни ресурси, неизбежен е нивниот економски развој.

- Демографски карактеристики или висока стапка на раст на населението и зависност

Главните демографски карактеристики на неразвиените земји се: висока стапка на раст на населението, низок квалитет на живот на населението и голема застапеност на категоријата на луѓе кои се зависни од категоријата работоспособно население. Стапката на раст на населението во неразвиените земји е мошне висока, а како резултат на сѐ поголемото подобрување на здравствените услуги и намалување на епидемиите, стапката на смртност на населението во овие земји постепено опаѓа. Поради високата стапка на раст на населението, во неразвиените земји доминира категоријата на население на возраст 0 - 15 години односно децата и адолесцентите. Исто така, во овие земји е висок процентот на луѓе на возраст со над 65 години. Овие две категории на луѓе се непродуктивни и финансиски зависни од категоријата на работоспособно население.

- Невработеност и подвработеност

Невработеноста претставува хроничен проблем во неразвиените земји. Покрај видливата невработеност, во овие земји е присутна и прикриената невработеност, која посебно е карактеристична за руралните подрачја. Прикриената невработеност особено е присутна во земјоделскиот сектор каде за извршување на одредена активност се ангажираат повеќе луѓе отколку што навистина е потребно, па така доколку нивниот број се намали, тоа воопшто нема негативно да се одрази во процесот на извршување на таа активност. Покрај прикриената невработеност, во неразвиените земји исто така е присутна и секторската невработеност.

- Зависност од земјоделството

Во најголемиот број на неразвиени земји доминира земјоделството кое обезбедува вработување за огромен дел од населението. Учеството на земјоделскиот сектор во бруто националниот производ на овие земји е мошне високо. Сепак, земјоделството во неразвиените земји е мошне назадно поради бројни технолошки и институционални фактори, а продуктивноста во овој сектор е мошне ниска.

- Назадна индустриска структура

Индустриската структура во неразвиените земји е мошне слаба. Може да се рече дека во неразвиените земји не постојат базични предуслови за индустриска структура. Присутни се сосема мал број на индустрии, тешката индустрија е занемарлива, а застапени се само индустриите кои произведуваат добра за широка

потрошувачка. Најчесто тоа се индустрии од мал обем кои произведуваат добра со застарена техника. Учеството на индустријата во националниот производ на неразвиените земји е мошне ниско.

- Заостанатост на терцијарниот сектор и на инфраструктурата

Заостанатоста на терцијарниот сектор (трговија, банкарство, осигурителни услуги и др.) и на инфраструктурата (транспорт, водоснабдување, енергија и др.) е една од значајните обележја на неразвиените економии. Причини за тоа се малиот пазар, производството за сопствени потреби, размената на производи и др. Всушност, учеството на терцијарниот сектор во вработеноста и во националниот приход на неразвиените земји е сразмерно далеку помало за разлика од развиените земји.

- Неповолна институционална структура или неекономски карактеристики

Институционалната, социјалната и политичката структура на неразвиените земји е неповолна за нивниот економски развој. Оваа структура ги има следните карактеристики: неекономска култура, извор на социјален статус, владеење на обичаите и традицијата, политичка корупција.

- Карактеристики во однос на надворешната трговија

Неразвиените земји имаат неколку значајни карактеристики кога станува збор за нивната надворешна трговија. Тоа се следните:

- неразвиените земји главно извезуваат примарни производи, а увезуваат готови производи (особено добра за широка потрошувачка);
- најголемиот број на неразвиените земји зависат од извозот само на една или две стоки;
- вредноста на земјоделските производи е далеку пониска од вредноста на готовите индустриски производи, па според тоа слободно може да се каже дека условите на размена се обично неповолни за неразвиените земји;
- учеството на неразвиените земји во светската трговија се намалува со тек на време.

- Надворешна задолженост

Надворешната задолженост на неразвиените земји е голема затоа што тие позајмуваат и се задолжуваат од странски земји. Причината за тоа лежи во фактот што нивниот извозен капацитет е мал, а потребите од увоз се значително поголеми. Долгот кон странство се зголемува кога се зголемува увозот или кога се намалува извозот.

- Маѓепсан круг на сиромаштија

Неразвиената економија има низок реален приход по глава на жител. Како резултат на тоа, од една страна можноста на луѓето да заштедат е мала, а од друга страна нивната побарувачка на добра е исто така мала. Како резултат на ниската заштеда, сумата за инвестиции е мала, а поради малата побарувачка постои мала заинтересираност и мотивираност за инвестирање во физички и човечки капитал. Тоа резултира со ниска продуктивност на работната сила. Како резултат пак на ниската продуктивност на работната сила, приходот по глава на жител е низок. Тоа е всушност маѓепсан круг на сиромаштија.

## 4. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ РАЗВИЕНИТЕ И НЕРАЗВИЕНИТЕ ЕКОНОМИИ

Разликите помеѓу развиените и неразвиените економии најдобро може да се видат од Табела 1.

**Табела 1**

| **Разлики** | **Развиени економии** | **Неразвиени економии** |
|---|---|---|
| ***Приход по глава на жител*** | Висок | Низок |
| ***Стандард на живот*** | Висок | Низок |
| ***Економски нееднаквости*** | Мали | Со големи размери |
| ***Рацио на капитал и аутпут*** | Стапката на формирање на капитал е висока. Капитал – аутпут рациото е ниско | Стапката на формирање на капитал е ниска. Капитал-аутпут рациото е високо. |
| ***Земјоделство*** | Земјоделството е развиено и напредно, а зависноста од земјоделството е многу мала (2%-5%) | Земјоделството е назадно и неразвиено, а зависноста од земјоделството е многу голема (70%-80%) |
| ***Стапка на развој*** | Висока | Ниска |
| ***Природни ресурси*** | Целосно искористени | Не се целосно искористени |
| ***Надворешна трговија и задолженост*** | Поволни услови за трговија (се извезуваат готови производи, а се увезуваат суровини или | Неповолни услови за трговија (се увезуваат готови производи, а се извезуваат суровини или |

| | | |
|---|---|---|
| | земјоделски производи) и мала надворешна задолженост. | земјоделски производи) и огромна надворешна задолженост. |
| ***Индустрија*** | Развиена | Неразвиена и назадна |
| ***Маѓепсан круг на сиромаштија*** | Не постои | Постои |
| ***Стапка на раст на населението*** | Ниска стапка на раст на населението и мала популација. | Висока стапка на раст на населението и голема популација. |
| ***Човечки капитал*** | Голем и високо развиен човечки капитал (образована и високообучена работна сила, висока писменост, добро здравје) | Мала формација на човечки капитал (неквалификувана работна сила, низок степен на образование, ниска ефикасност, лошо здравје). |
| ***Невработеност*** | Мала невработеност (фрикциона и структурна). Нема прикриена невработеност. | Голема невработеност. Прикриената невработеност е широко распространета. |
| ***Техника на производство*** | Развиена и напредна (високи можности за истражување и иновации) | Назадна (мали можности за истражување и иновации) |
| ***Културна средина*** | Материјалистичка, со модерни ставови на населението. | Спиритуалистичка, со традиционални ставови на населението. |

**5. СТРАТЕГИИ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА НЕРАЗВИЕНИТЕ ЕКОНОМИИ**

Најзначајни стратегии со помош на кои може да се стимулира економскиот развој во неразвиените економии се следните:

- подобрени макроекономски услови и макроекономска стабилност - креирање на стабилна економска клима на ниска инфлација и позитивен економски раст. Макроекономската стабилност вклучува заложба за ниска инфлација. која создава позитивна бизнис клима бидејќи странските инвеститори имаат поголема доверба да инвестираат во конкретната земја. Ниската инфлација може да се постигне со ефективна монетарна политика и дисциплинирана фискална политика ( избегнување на големи буџетски дефицити);
- политики на создавање на слободен пазар на страната на понудата (дерегулација, приватизација, пониски даноци, помала регулатива со цел стимулирање на инвестициите од приватниот сектор и создавање на поволна клима за развивање на бизнисот). Ова им дава стимулативен мотив на претпријатијата да ги намалат трошоците и да се стремат кон поголема ефикасност;
- развој на критична инфраструктура во земјата - експанзивна електрична мрежа, патишта, железници и комуникации. Овие системи овозможуваат поефикасно производство и транспорт на стоки односно зголемено економско производство.;
- креирање и развој на човечки капитал - инвестиции во образование и здравство со цел да се зголеми степенот на образование на населението и да се создаде квалификувана обучена, но и здрава работна сила;
- преземање на мерки за намалување на наталитетот во најсиромашните земји – со намалување на бројот на население во најсиромашните земји ќе се зголеми БДП по глава на жител, што ќе резултира со повисок стандард на живеење на населението;
- борба против корупцијата;
- ефективна даночна структура и наплата на данок - ако владата на една земја не е во можност да собере доволно даноци, тогаш нема да има доволно средства за потребното инвестирање во јавниот сектор;
- диверзификација во процесот на производство - производството на примарни производи во неразвиените земји го ограничува нивниот развој. Затоа, со цел да се стимулира економскиот развој во овие земји, неопходна е диверзификација во процесот на производство на готови производи;
- развој базиран на извозот односно државни мерки за стимулирање на извозот. Како најуспешни практики во овој аспект, во литературата може да се сретнат следните:
  - комбинирање на краткорочни и долгорочни политики за стимулирање на извозот;

- подобрување на соработката меѓу економските актери - освен традиционалните инструменти на политиката, растот на извозот би можел да биде фаворизиран со подобрување на соработката меѓу извозниците и меѓу владата и деловните субјекти. (намалување на тарифните бариери и промовирање на слободна трговија како начин за подобрување на економскиот развој);
- поедноставување на законската регулатива - владата на неразвиената земја треба да ја поедностави регулативата поврзана со извозот бидејќи долгите бирократски процедури негативно влијаат врз извозниците. Во исто време, владите треба да го подобрат собирањето и ширењето на информациите за странските пазари и барањата за извоз. Активностите во оваа категорија, исто така, треба да ги земат предвид стандардите за производи и другите технички услови кои се наметнуваат за извоз на пазарите во развиените земји;
- зголемување на достапноста на кредити - достапноста на кредити е од клучно значење за извозниците. Ова е одлучувачко за малите и средните претпријатија (МСП), за кои кредитните ограничувања се пообврзувачки отколку за големите претпријатија. Бидејќи малите и средните претпријатија го сочинуваат поголемиот број од претпријатијата во неразвиените земји, подобрувањата во овој домен се неопходни за да го поддржат растот на извозот;
- привлекување на странски директни инвестиции.

**6. ЗАКЛУЧОК**

Поимот неразвиеност е релативен концепт. Тој првенствено значи отсуство односно непостоење или пак недостиг на развој. Економиите во Светот се класифицирани како развиени, неразвиени или економии во развој, врз основа на различни индикатори за економски развој. Мошне е тешко да се сугерира заеднички прифатен критериум за класифицирање на светските економии како развиени и неразвиени. Сепак може да се идентификуваат некои фундаментални карактеристики кои се заеднички и својствени за сите неразвиени земји: низок приход по глава на жител, ниска стапка на раст на приходот, низок стандард на живот, недостиг на капитал,, висока стапка на раст на населението, зависност од земјоделството, голема невработеност, надворешна задолженост, назадна индустриска структура, назадни техники на производство, голема економска нееднаквост, ниска продуктивност на трудот, неразвиени природни ресурси, магичен круг на сиромаштија. Со цел да се отстранат сите овие недостатоци и да се стимулира побрз и поголем економски развој на неразвиените земји, мора да се преземат значајни стратегии за економски развој од страна на државните власти.

**ЛИТЕРАТУРА**

Bagchi, A. K. (1999). *The Political Economy of Underdevelopment*. Cambridge University Press.
Cole, J. (2011). *Development and Underdevelopment: A Profile of the Third World*. Routledge.
Labini, P. S. (2004). *Underdevelopment: A Strategy for Reform*.Cambridge University Press.Majhi, B. D., Ohri. V. K., & Jain, T. R. (2014). *Economic Devepolment and Policy in India*.VK Global Publication Ltd.
Rodney, W. (2018). *How Europe Underdeveloped Africa*. Verso
Taylor, J. E., & Lybbert, T. J., (2016). *Essentials of Development Economics*, Second Edition. University of California Press.